# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. „ ГРАДИШТЕ“ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, 2021г.

Куманово, септември 2021

1. **Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања**

Носител на дозволата за археолошки истражувања на лок. Градиште – Мл. Нагоричане, е НУ Музеј Куманово - Куманово.

2. **Податоци за истражувачкиот тим**

Истражувачкиот тим во кампањата 2019 го сочинуваа: Дејан Ѓорѓиевски –виш кустос археолог- раководител, Мирослав Петковски – кустос - археолог– раководител на сонда, Фросина Лазаревска – кустос - археолог, Славица Цветановска – архитект – документатор, Александра Апостолова – виш кустос –нумизматичар, Столе Петковски – фотограф.

3. **Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување:**

Според барањето од страна на НУ Музеј Куманово, УЗКН издаде дозвола за систематско археолошко истражување (бр. УП ???? г) кое се одвиваше во периодот од **????**.

Методологијата применета во истражувањата во 2020 година подразбира детално истражување и документирање на сите културни слоеви во рамките на квадратните сонди, до утврдување на постоечката здравица или цврста архитектонска стуктура. Теренската документација се води со теренски дневник, во кои се забележуваат сите опсервации за културните слоеви, фото документацијата, и техничка документација за недвижниот и движниот материјал. Теренските основи се уредно исцртани на основи во размер 1:100,1:50, 1:20. Издвоениот движен материјал се фотографира и дообработува во теренски инвентарни книги. На движниот материјал ќе му претстои процес на конзерваторски третман поради состојбата во која е пронајден. Документацијата од истражувањето се состои од техничка документација и истата е направена и во дигитална форма.

Обработката на движниот материјал се изведуваше во НУ Музеј Куманово.

4. **Првични резултати и сознанија од истражувањето**

Локалитетот Градиште во с. Младо Нагоричане (y=75715, x=46709) се наоѓа во нивите помеѓу селата Макреш и Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане. Сместен е на истоимениот рид, северно од мостот над Пчиња, на магистралниот пат Куманово – Крива Паланка. Самиот рид се наоѓа во непосредна близина на левиот брег на Пчиња. До неговата јужна страна води земјен пат кој се дели од асфалтниот пат Војник-Бајловце. Патот бил употребуван додека во подножјето на локалитетот егзистирале штали на макрешкото селско стопанство, како и за потребите на југословенската армија и каменоломот. Двете последни активности нанеле сериозни оштетување на локалитетот.
До неговата источна страна завршува дол кој тече од с. Стрновац, а кој селаните го користеле за наводнување на нивите крај Пчиња – на некои места се уште има вода во долот. Од север е

одделен од ридот Среден рид преку друг, помал дол, додека западно од локалитетот се наоѓаат помали ритчиња и ниви од кои денес пристапот е најлесен. Меѓутоа, во периодот на користење на локалитетот, најверојатно пристапот го следел денешниот земјен пат кој го споменавме погоре, кој се протега од јужната страна на локалитетот,а завршува на западната страна . Оттука, благо се искачувал кон западното чело на населбата и преку неколку засеци во карпата излегувал на населбинското плато, протегајќи се по неговата јужна половина. Иако релативно низок (383,1), поради благите падини кои ја следат долината на Пчиња, локалитетот комуницирал со останатите локалитети западно (Костоперска Карпа) и јужно (Каљиште – с.Стрезовце, Градиште – с. Градиште итн.) од него, додека, поради релјефот, северно и источно од локалитетот визибилноста е многу помала.
Локалитетот е познат во литературата, пред се од извршените рекогносцирања. З. Георгиев го објавува под иметот „Градиште-Макреш“ и ја дава прелиминарната стратиграфска слика на локалитетот (наоди од енеолитот и бронзеното време, железно време и античкиот – пајонски период), со укажувања за развиена населба од класичниот и хеленистичкиот период (З. Георгиев, Три предримски населби крај Пчиња, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 17-18, Скопје 1990-1991, Градиште – Макреш, 94-97, План 2, сл. 4-6.) В. Лилчиќ ги проширува овие сознанија, преку поекстензивен приказ на локалитетот, притоа објавувајќи и депо од 13 монети на Аудолеон (2 тетрадрахми, 1 дидрахма и 10 драхми), а прави и обид за лоцирање на храм на највисоката точка од локалитетот како и атрибуција на етничката припадност на населението како агријанско (http://www.reper.net.mk/2013/03/29/eden-agrijansko-pajonski-grad-na-pcinja-kumanovsko/).

Археолошките истражувања се одвиваа од 2014-2018 г. како капитален проект на Владата на Р. Македонија (носител на дозвола – НУ Музеј Куманово, раководител М. Јованов (2014-2017), Јовица Станковски 2018), и беа насочени кон откривање на највисокиот дел од локалитетот. Иако се уште не се публикувани, ископувањата резултираа со извонредни резултати – се открија градби со малтерни ѕидови, јонски капители и бази, системи за одвод на водата од акрополата, како и голема количина на импортирана керамика од југот. Евидентно е дека градбите настрадале во силен пожар, според некои претпоставки поврзан со келтските напади од 280-279, иако нашите претпоставки се дека населбата страдала нешто подоцна, во македонско-дарданските судири, 3-2 в. пр.не.е.

Истражувањата во 2021 г., беа сконцентрирани на два сектора – Средна тераса и Долна тераса, односно на терасите западно од Акрополата.
На секторот Средна тераса се работеше на довршување на сондите 25 и 26 од 2020 г., а беше поставена и нова сонда, С27.

**Сондата 25**, со димензии 5х5 м, во голема мера беше истражена во 2020 г. Таа е поставена источно од ѕид 1 на С23/19, и претставува простор, кој во голема мера е поразличен од С23. Имено тука, во поголемиот дел, карпата не е обработена, и нема стабилно подно ниво, освен на неколку места во северниот дел од сондата. Беше откриен невешто направен сувоѕид, кој бил прилепен на постариот и постабилниот граничен ѕид со С23, веројатно како зајакнување на истиот. Овој сувоѕид (ѕид 1/25) прави агол со ѕидот 2 во сондата 25, кој е сочуван само во 1-2 реда, и кој, во најголем дел, особено кон северозапад, лежи директно на матичната карпа. Во централниот дел од сондата, беше откриен хоризонтално поставен, тенок камен, и поголемо количество на керамички фрагменти и тегови од разбој. Северно од него, врз карпата, имаше премаз од глина кој се шири кон северниот профил, каде што постојат траги

од горење. Горењето започнува во точка 2 од цртежот, покрај кое имаше остатоци од плитарен ѕид и неколку поставени камења, што очигледно се остатоци од помала, нестабилна преграда.
Останатиот дел од сондата, претставува необработена карпа без наоди.
Во оваа фаза на истраженост, тешко е да се открие намената на овој простор. Очигледно е дека преградбите се од последната, најсиромашна фаза од живеење (3-2 в. пр.н.е.). Во тој период, источната страна на внатрешниот бедемски ѕид била искористена како погодна преграда за едноставни доградби, како што се и двата ѕида откриени тука. Единствените интервенции се во средишниот дел, кон северниот профил, веројатно во функција на претпоставениот разбој од кој имаме остатоци.
**Сонда 26**, претставува простор кој беше работен во 2020 г., и каде што се открија неколку ѕид со различна хронологија, од кои последниот претставува внатрешен бедемкој имал и помала кула. Целиот простор бил особено важен стратешки, па затоа, на оваа мала површина, има најмалку 4 ѕида кои веројатно ја имале истата, одбранбена улога за Акрополата. Во 2021 г., интензивно се работеше на просторот меѓу кулата и ѕидовите до западниот профил, како и меѓу одбранбениот ѕид и источниот профил, се со цел добивање сознанија за хронолошки сооднос меѓу ѕидовите.
Од истраженото, можеме да кажеме дека најстар е ѕидот 5, кој е со полукружна форма. Претставува ѕид кој имал одбранбена функција за Акрополата и кој ја следел изохипсата на овој дел од ридот. Опусот наликува на железнодопски ѕид, но материјалот е доминантно од раноантичкиот период. Висината на горните камења е 375,12 – 375,05 и се следи до самата матична карпа, на 374, 45.
На неговата јужна страна е придодаден ѕидот 4, кој претставува најубав и најквалитетен ѕид. Сочуван е само во основата. Откриен во 2018, тој започнува во сонда 21, каде што лежи на самата карпа. Претставува ѕид од големи, правилни, квадарни камени блокови, од кои некои се и со 1м должина. Кон север, теренот е во пад, па ѕидот тука лежи на земјена подлога. Според обработката на последниот, северен камен, тој бил видлив од нивото од 375 м, додека основата лежи на 374,91. Врз него (375,21) е поставен квадарно изработен камен откриен претходните години, украсен со анатироза, висок 32 см. До сега, вакви блокови откривавме на горната, акрополна тераса, каде што маркираат влезови. Претпоставуваме дека и тука ја имал таа функција, односно претставувал влез, со подно ниво кое го покривало постариот, ѕид 5.
Овој ѕид веројатно бил граден во периодот кога населбата била економски најмоќна – според историските извори, веројатно во 4 в. пр.н.е, по освојувањата на Александар III.
Ѕид 3 е со должина 3,4м, со насока север-југ и дебелина 80 см, додека висина му е ок. 40 см. Претставува остаток-основа од некоја црвста градба, која подоцна, во нејзиниот западен крај, била искористена за поставување на пиластер кој го стабилизирал најмладиот ѕид 4. Ѕидот е полнетица, исполнет со ситен камен фланкиран од покрупен. Претпоставуваме дека овој ѕид е остаток од кула, која што била врзана со друг, постар ѕид, кој го имал истиот правец со ѕид 4, а бил оштетен или уништен. Друга претпоставка, помалку веројатна, е дека тој бил скалило, кое од влезот кај ѕид 4, водел кон погорните делови на терасата, а скалите биле уништени со изградба на ѕид 4

Ѕидот 2 претставува ѕид кој имал одбранбена улога во најмладата фаза на локалитетот. Во оваа сонда ѕидот е двоен и достигнува ширина и до 2 м. Но, тој повеќе пати бил засилуван и обновуван, а веруваме дека во најстарата фаза, тој бил во врска со ѕид 3, односно на него била поставена кулата.

Покрај ѕид 2 и 3, поминува одводен канал од вертикални тегули, кој не бил покриен и кој води кон север. Западниот пиластер е поставен врз каналот, како и неколку камења помеѓу двата ѕида.

Ѕидот 1 претставува невешто направен сувоѕид, кој го следи правецот на ѕид 4 и е прилепен на каменот со анатироза, а лежи врз ѕид 5. Иако е во делот на внатрешниот бедем, ѕидот е нестабилен и немал одбранбена улога, односно бил граден во време кога економската моќ на населението била значително опадната. Во тој период, на неколку места на локалитетот, постарите ѕидови се користени како основа за градење на послаби ѕидови.

**Сонда 27** е поставена западно од С23/19 (КВ.Ѓ8) и е со димензии 5х5 м. Самата сонда е поставена со цел да се согледа ситуацијата надвор од внатрешниот ѕид, односно евентуално постоење на објекти западно од ѕидовите. Тука теренот е во благ пад од исток кон запад (375,84-375,21). Сондата е релативно плитка, матичната карпа се јавува во југозапад на 375,03м, на само 30 см под површината, додека најдлабока е во североисточен агол, каде подното ниво е 90 см под површината. Во сондата е откриен еден ѕид со правец на протегање југозапад-североисток. Тој е сочуван во три реда, со широчина 60 см. Североисточно од него, се јавува подно ниво, кое е направено на зарамнета карпа, премачкана со глина и смеса која содржи малтер. На подното ниво имаше остатоци од паднат кров, кој бил на две води, со средишен дел (слеме), во насока исток-запад, што значи дека од двете страни (север-југ), постоеле два ѕида на кои стоел кровот. Во сондата е пронајдено поголемо количество на тегови, што асоцира на постоење на разбој и во оваа сонда.

**Сонда 28** е со димензии 5х5, поставена на долната, западна тераса. Во најголем дел зафаќа дел од кв 12Ѓ, но влегува и во 11Ѓ, како и 11,12Е. Сондата е поставена југоисточно од 19/18, как резултат на добиените сознанија од претходно извршеното скенирање со ГПР, кое на овој дел покажа постоење на ѕидови, но и постара, кружна формација.

Ископувањата само делумно ги потврдија овие информации, односно пронајдени се два ѕида, но не и кружната формација.

И во оваа сонда теренот е во благ пад, од околу 40 см од исток кон запад. Констатирани се две подни нивоа, од кои првото е на 369, 62, на ок. 50 см под површината. Претставува набиена земја, без некоја структура, на која има фрагментирана керамика и сосема мало количество на тегули, но не можеме да го поврземе со некоја градба – повеќе станува збор за ниво на користење. На ова ниво, покрај кујнска керамика, се јавуваат и расфрлени фрагменти од питос, а беше пронајден и локален, сив ехинус. Ситуацијата наликува на неорганизирана некропола, но немаше остатоци од покојници. Од структурите кои се јавија при ГПР – откриен е еден ѕид (Ѕид 1), кој се јави веднаш по отстранувањето на билниот покривач, со насока СЗ-ЈИ, сувоѕид од груб, но правилно реден камен во три реда, кој продолжува во источниот профил. На истото ниво на најгорните камења, кон СЗ агол се јави групација на камен со кружна форма, за кој што претпоставуваме дека е некоја конструкција, но, по неговото отстранување, се покажа дека групацијата се шири кон југ и влегува во западниот

профил. КОнструкцијата во многу наликува на постарите бронзенодопски конструкции забележани на Кокино, но, материјалот покажува дека се работи за хеленистичкиот период.
На ова прво ниво, покрај поголемите парчиња од питос (точка 22 на Сосотојба 1, С 28), на висина од 369, 46 е откриена златна, чунеста обетка, направена од златен лим. Целосно е сочувана, а оштетена е само во пределот на конекцијата на иглата со телото. Со ова, се зголемија сомнежите дека се работи за некропола, но сепак, ископувањето тоа не го потврди.
Имено, со продолжување на ископот, стигнавме до второто, најстаро ниво на живеење. Ѕидот 1 е вкопан во ова ниво, со тоа што лепежот се јавува североисточно од него, што зборува за постоење на просторија кон север. Пред него, кон запад, постојат два поголеми камења, положени вертикално, кои изгледаат дека фланкираат влез кон север. Но, западно од нив, се наоѓа мала правоаголна платформа (369, 37), направена од ситен речен камен, прекриена со земја и малтер. Паралелно со платформата, со средишниот дел на северниот профил е поставена јама(368,87) вкопана во подно ниво (369, 27).
Во северозападната четвртина на сондата, имаше поголема концентрација на нафрлен камен, под кој имаше големо количество на керамика, претежно фрагментирана. Таа е положена на подно ниво од набиена земја (369,06), кое има правилна правоаголна форма, за ок. 10 см пониско од нивото источно од него, со што добива изглед на моделирано, вдлабено корито во земјата. Во неговиот средишен дел има вкопано кружна јама (368, 72), а во нејзин правец, во самиот западен профил, повторно има големо количество на керамика, кое излегува од просторот кој го ископувавме. Се чини и дека постои некој подѕид ( 369,24) во самиот северозападен агол, кој оди во тој правец.
Истражената сонда дава повеќе прашања отколку одговори, но, сублимирано, резултатите се следни: сите интервенции се во северната половина, додека во јужната релативно плитко се јавува карпата. Постојат две нивоа на користење, од кои, во помладото скоро и да нема структури, со тоа што бил искористен ѕидот 1, кој е постар. Во постарото ниво се поставени поголеми камења во насока југ-север, пред ѕидот 1, кои личат на фланкиран влез, пред кои стои помала платформа со правоаголна форма. Западно од неа, подното ниво е вдлабено во вид на коритце, долго скоро. 5м, кое било покриено со големо количество на нафрлан камен. На тоа подно ниво, под каменот, постои големо количество на керамика и јама, а таа ситуација продолжува и во западниот профил.

**4. Преземени мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите**

Сондите се истражени до ниво на под или карпа. Констатираните ѕидни партии и делови од архитектура се покриени со земја и мрежа. Движниот материјал е донесен во Н.У. Музеј Куманово, каде што во тек е негов конзерваторски третман.

**5. Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи**

нема

6. **Место за депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање**

Сиот движен археолошки материјал ќе се чува во просториите на НУ Музеј Куманово, во Куманово, односно во институцијата која е носител на проектот.

7. **Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции од основниот план или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања**

Нема отстапки од основниот план за работа.

8. **Избор на теренска документација (копија од техничка документација и фотографии, односно фотоснимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализација на истражувањето**

Избор од техничката и фотодокументација е приложен понатаму во извештајот.

9. **Финансиски извештај**

Доставен до Министерство за култура.

10. **Заклучни согледувања и предлози**

Истражувањата од 2019 г.на лок. Градиште – Мл. Нагоричане даваат нови сознанија за употребата на самиот локалитет. Повторно ја потврдивме тезата дека локалитетот не замрел одеднаш, туку постоеле повеќе фази на градбите. Исто така, утврдивме силен фортификациски систем на северната страна на средната тераса, со улога да ја заштити Акрополата на локалитетот.

За следните ископувања предлагаме доистражување на просторот околу сонда 28, каде што ситуацијата наликува на дел кој можеби се користел за ритуали или како некропола.